Трговско друштво за инжинеринг и услуги
во прометот М-6 ДОО
Бр. 0201/58
06.08. 2024 год.
Скопје

ДО
АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД
Ул. Партизанска бр.8 – Охрид

ОД
Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М – 6 ДОО Скопје
Ул. Димче Беловски бр.2 Скопје

ЗА
Годишно собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД

Д-ви и на:
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА
АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД

ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД НА ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ СО ВКЛУЧУВАЊЕ НОВА ТОЧКА

Почитувани,

Врз основа Јавниот повик за свикување и одржување Годишно собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД објавен во дневен весник Вечер на ден 31.07.2024 година, Трговското друштво за инжинеринг и услуги во прометот М – 6 ДОО Скопје, како акционер кој поединично поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас во АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, согласно член 390 од Законот за трговските друштва, во предвидениот законски рок го доставува ова Барање за дополнување на дневниот ред на Годишното собрание на акционери со вклучување нова точка и тоа:
"Точка 7: Донесување Одлука за отпочнување постапка за продажба на Хотел Десарет", за кое нешто во прилог на ова Барање доставуваме и соодветна Предлог Одлука.

Бараме од Одборот на директори и службите во Друштвото, да пристапат кон објавување на дополнетиот дневен ред и предлог Одлуката.

Предлагаме на седницата на Годишното собрание на акционери што е закажана за 04.09.2024 година акционерите да го разгледаат овој наш предлог и да одлучат по истиот.

Скопје, 06.08.2024 година

Со почит,
Акционер
М – 6 ДОО Скопје
Управител
Светозар Јаневски

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ОХРИДТУРИСТ - Охрид

Примено: 06.08.2024			
Орг. един.	Број	Прилози	Вредност
03	108		

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите, на ден 04.09.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за отпочнување постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се започне постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Одборот на директори на Друштвото, да ја започне постапката за продажба на Хотел Десарет во Охрид, во смисла на објавување на огласи, прибирање на понуди и други активности поврзани со постапката.

3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Одборот на директори на Друштвото, по спроведување на сите активности и постапки да изготви и достави предлог Одлука до Собранието на акционери за донесување конечна Одлука за продажба на Хотел Десарет во Охрид.

4. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ